Врз основа на 23 став (1) точка 4) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 4 став (2) од Правила за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија" бр.172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 30 март 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на Модел на договор за набавка на електрична енергија**

1. Со ова решение се одобруваат:
   - Рамковниот договор за набавка на набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден, и
   - Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден,

   доставени од страна на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија.
2. Одобрениот рамковен договор и одобрениот индивидуален договор, од точка 1 на ова решение се дадени во Прилог на ова решение кој е составен дел на ова решение.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје) на 23 март 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Рамковен договор за набавка на набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден (во понатамошниот текст: Рамковен договор) и Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден (во понатамошниот текст: Индивидуален договор). Со дописот ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје достави и Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа за склучување на договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на универзалниот снабдувач со електрична енергија (во понатамошниот текст: Оглас).

Во членот 4 став (2) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач („Службен весник на Република Македонија" бр.172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/19), е уредено дека моделот на договор го одобрува Регулаторната комисија за енергетика. Согласно член 7 став (1) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач, за набавка на електрична енергија на организиран пазар, универзалниот снабдувач, преку веб базираната платформа, доставува покана за поднесување на понуди до квалификуваните понудувачи кои што ги исполнуваат критериумите за набавка на организираниот пазар на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден. Единствен критериум согласно ставот (3) од истиот член за избор на најповолна понуда е надоместок за тргување на бараната количина на енергија на отворениот пазар.

Регулаторната комисија за енергетика при анализа на Рамковниот договор, Индивидуалниот договор и Огласот утврди дека Рамковниот договор, Индивидуалниот договор и Огласот се во согласност со Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот

снабдувач и на 30 март 2020 година одржа седница на која ги разгледа и одобри Рамковниот договор за набавка на електрична енергија во тековниот дена за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден и Индивидуалниот договор за купопродажба на електрична енергија за ден однапред.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 12-869/2**

**30 март 2020 година**

**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

ПРИЛОГ:

– Рамковен договор за набавка на набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден и индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден бр. 12-869/1 од 23 март 2020 година.

EVN

**Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем**
**преку веб базирана платформа**

**За склучување на договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на универзалниот снабдувач со електрична енергија**

**Број на оглас: ОКС 03/19**

**Скопје, март 2020**

**Број на оглас: ОКС 03/19**

**ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН**

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган: **ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија**

I.1.2) Адреса: **11-ти Октомври бр. 9**

I.1.3) Град и поштенски код: **Скопје 1000**

I.1.4) Интернет адреса: **www.evn.mk**

I.1.5) Лице за контакт:

**Благица Поповска** , е-пошта: **blagica.popovska@evn.mk** Телефон: +389 72 933 667
**Љубен Илиоски** , е-пошта: **ljuben.ilioski@evn.mk** Телефон: +389 72 933 526

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат на

е-пошта: **bids.home@evn.mk**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Врз основа на член 101 став (1) точка 6) од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/2018 и 96/2019) и член 3 став (3) од Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач ( Службен весник на Република Македонија, бр. 172/2018 и 126/2019), ЕВН Хоме ДОО Скопје како носител на лиценца за Универзалниот снабдувач со електрична енергија објавува:

**Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа**

**За склучување на договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на универзалниот снабдувач со електрична енергија**

### 1. Предмет на набавката

ЕВН Хоме ДОО Скопје објавува оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа со цел склучување на рамковен договор за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи на организиран пазар во тековниот ден (Intra-day)

### 2. Дефиниции и кратенки

(1) Одделните изрази употребени во овој оглас го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден (РД )** | Договор склучен помеѓу Квалификуван понудувач и УС |
| **Понудувач** | Производители, снабдувачи и/или трговци со електрична енергија од Република Северна Македонија и/или странство кои се регистрирани во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, и кои поседуваат соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО односно од соодветни институции од странство |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено Рамковен договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден со УС |
| **Избран понудувач** | Квалификуван понудувач кој ќе биде избран за најповолен во постапката за набавка на електрична енергија и ќе биде поканет да склучи Индивидуален Договор со УС |
| **Оглас за прием на понудувачи во КС за набавка на електрична енергија во тековниот ден** | Овој документ кој ќе биде објавен преку веб базирана платформа како и во два дневни весници во Република Северна Македонија и достапен на интернет страната www.evn.mk |
| **Набавка на електрична енергија во тековниот ден** | Постапка која ја спроведува УС во согласност со Правилата за набавка на електрична енергија за универзалениот снабдувач донесени од РКЕ |
| **Индивидуален договор за набавка на електрична енергија** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и УС со кој се утврдуваат условите за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден. |

| | |
|---|---|
| **во тековниот ден (ИД )** | |
| **Понуда** | Понуда за надомест за услуга за тргување (Service Trading Fee) на бараната количина во текот на денот доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија во тековниот ден (ППП )** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на УС до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта и/или веб базирана платформа во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведена постапката за набавка на електрична енергија во тековниот ден |
| **Постапка за избор на најповолна понуда за услуга за тргување (Service Trading Fee) во тековниот ден** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со ППП од страна на УС, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација, избор на најповолен квалификуван понудувач и склучување на ИД со избраните понудувачи или доставување на известување дека никој од понудувачите не е избран да склучи ИД со избраните понудувачи |
| **Часовен распоред за испорака на електрична енергија и моќност во тековниот ден** | Часовен распоред за испорака на електрична енергија со одредени трговски количини по час во зависност од потребите на УС за набавка во тековниот ден |
| **Транспарентни пазари** | Транспарентни пазари за електрична енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ се пазарите кои ќе бидат наведени во ППП и ИД |

(2) Кратенките користени во овој оглас ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **УС** | Универзален снабдувач со електрична енергија кој има обврска за снабдување со електрична енергија како универзална услуга и снабдување со електрична енергија во краен случај (назив на правното лице) |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија |
| **РД** | Рамковен договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден |
| **ИД** | Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден |
| **ППП** | Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија во тековниот ден |
| **КС** | Квалификациски систем |
| **ЧРИ** | Часовен распоред за испорака на електрична енергија и моќност во тековниот ден |

## 3. Времетраење на Квалификацискиот систем

Времетраење на важноста на КС:
Од денот на објавување на огласот за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа до денот на важење на „Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија со обврски за обезбедување на снабдување со електрична енергија како универзална услуга и за снабдување со електрична енергија во краен случај" – 1 јули 2024 година.
Дополнителни информации

Сите заинтересирани за учество во квалификацискиот систем за горенаведениот предмет треба да ја достават бараната документација преку веб базирана платформа **најдоцна до xx.xx.xxxx** до **xx:xx** по локално македонско време **како првичен рок за доставување на пријавите за учество**. По истекот на првичниот рок за достава на барање за прием во КС, заинтересираните понудувачи може да поднесат барање за прием во воспоставениот квалификациски систем дополнително, во кое било време од времетраењето на квалификацискиот систем.

Датум на објава: ____________

## 4. Право на учество на Огласот

Право на учество на огласот за прием на понудувачи во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа и покажување на интерес за склучување на РД на организиран пазар во тековниот ден имаат производители, снабдувачи и/или трговци со електрична енергија кои се регистрирани во Република Северна Македонија и/или странство согласно законот за енергетика, и кои поседуваат лиценца за вршење на соодветна енергетска дејност издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО, односно од соодветни институции од странство и ги исполнуваат критериумите за утврдување на способност за прием во квалификацискиот систем.

УС го задржува правото да го измени или дополни КС.

## 5. Постапка што се применува за доделување на договор за набавка на електрична енергија на организиран пазар во тековниот ден

УС ќе набавува електрична енергија наменета за снабудавање на потрошувачите од категориите домаќинства и малите потрошувачи кои што ги снабдува универзалниот снабдувач со примена на транспарентни, недискриминаторни и конкурентни постапки.

Оваа постапка е структурирана на следниот начин:

### А) Оглас за прием на понудувачи во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа

УС воспоставува и води квалификациски систем на понудувачи на веб базирана платформа за перидот за кој е избран или назначен да обезбеди универзална услуга во снабдувањето со електрична енергија.

### Б) Барање за прием во КС

Сите заинтересирани понудувачи за прием во квалификацискиот систем за горенаведениот предмет треба да достават барање за прием во квалификацискиот систем и бараната документација согласно со овој оглас да ја достават преку веб базирана платформа на начин утврден во Упатството за користење на веб платформата кое е во прилог на овој Оглас за прием на понудувачи во КС.

Во барањето за прием во КС барателот е должен да ја наведе официјалната електронска пошта која ќе се користи за комуникација во врска со предметот на овој Оглас за прием на понудувачи во КС.

### В) Оценување на способност на понудувачот

Оценувањето на способноста на Понудувачите за прием во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа го вршат овластени лица од страна на УС во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето. Овластените лица од УС по доставање на документите од страна на понудувачот, а кои се наведени во точка 6 од овој Оглас за прием на понудувачи во КС вршат проверка

дали доставените документи се важечки (не постари од 6 (шест) месеци од денот на поднесување на барањето за прием во КС).

Ако барањето за прием во квалификацискот систем е нецелосно УС му определува на понудувачот дополнителен рок од седум дена за дополнување на барањето. Дополнителните документи понудувачот ги доставува преку веб базираната платформа.

По извршното оценување УС донесува одлука за прием на Понудувач или одбивање на барањето за прием на понудувач во квалификациски систем.

Овластените лица од УС го информираат Понудувачот за приемот во квалификацискиот систем и го покануваат да склучи РД со УС со што се стекнува со статус на квалификуван понудувач кој може да учествува во постапката за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи на организиран пазар во тековниот ден.

Против оваа одлука Понудувачот може да поднесе приговор до РКЕ.

### Г) Склучување на РД

Само понудувачите кои ги исполниле условите за прием во квалификациски систем преку веб базирана платформа имаат право да склучат РД со Универзалниот снабдувач за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи.

Понудувачите кои склучиле РД со Универзалниот снабдувач се стекнуваат со статус на квалификуван понудувач и имаат право да учествуваат на јавните набавки на електрична енергија организирани од Универзалниот снабдувач.

### Д) Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија во тековниот ден (ППП)

Сите квалификувани понудувачи ќе добијат ППП преку електронска веб платформа и/или електронска пошта, во случај кога е иницирана постапка за набавка на електрична енергија и склучување на ИД . Секое ППП ќе содржи информации,насоки и правила за доставување на понуда од страна на Понудувачот. Понудувачот со доставување на неговата понуда во целост ги прифаќа правилата дефинирани во ППП , и се обврзува да постапува по истите согласно постапката за набавка на електрична енергија во тековниот ден .

### Е) Избор на најповолен Понудувач

Изборот на најповолен понудувач ќе се изврши со составување на ранг листа на најповолени понудувачи и истато ќе го вршат овластени лица од УС преку евалуација на понудите по пат на "Листа на приоритетно подредување". Листата на приоритетно подредување се формира со растечки редослед, така што, прворангирана, односно најповолна понуда е понудата со најнизок надомест за услугата за тргување по испорачан/истргуван MWh електрична енергија (Service Trading Fee/MWh) на ликвидните и транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ, согласно условите наведени во овој КСНадоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) за електрична енергија се смета за единствен критериум за избор на најповолна понуда. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку два или повеќе квалификувани понудувачи понудиле ист надоместок за услугата за тргување ( Service Trading Fee). Во таков случај за најповолна ќе биде рангирана понудата од квалификуваниот понудувач кој прв ја доставил. Изборот на најповолени квалификувани понудувачи го вршат законските застапници на УС, земајќи го во предвид рангирањето на најповолните квалификувани понудувачи во согласност со критериумите од овој Оглас

### Ѓ) Објавување на резултатите и известување

Објавувањето на резултатите од постапката за избор на најповолна понуда за услуга за тргување (Service Trading Fee)за потребите на УС се врши со испраќање на известување преку електронска пошта до сите квалификувани понудувачи кои земале учество во постапката на набавка на електрична енергија и кои имале валидна понуда согласно инструкциите и правилата дефинирани во ППП.

## Е) Потпишување на Индивидуален договор за набавка на електрична енергија ден однапред

Врз основ на ППП , УС склучува ИД со два понудувачи кој ги исполнуваат условите наведени во ППП и кој ќе понудат најнизок надомест за услугата за тргување по испорачан/истргуван MWh електрична енергија (Service Trading Fee/MWh)

УС ќе го достави до избраниот Понудувач ИД, а избраниот понудувач има рок од пет работни дена од приемот на договорот да го потпише и достави до УС, во спротивно се смета дека избраниот понудувач се откажал од договорот, а УС има право да ја наплати гаранцијата на понудата или да го задржи депозитот. Во ИД ќе бидат дефинирани правата и обврските помеѓу УС и квалификуваниот понудувач.

## 6. Критериуми за утврдување на способност на понудувачот за прием во квалификацискиот систем

За да се изврши прием во квалификацискиот систем, Понудувачите треба да ги достават следните документи:

1. Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
2. Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
3. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена;
4. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена трајна забрана за вршење на одделна дејност
5. потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
6. Потврда од Регистарот дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност,
7. Потврда од Регистарот дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност;
8. Документ за регистрирана дејност како доказ дека понудувачот е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со купопродажба на електрична енергија од надлежен орган;
9. Тековна состојба издадена од надлежен орган;
10. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде Понудувачот е регистриран;
11. Известување од АД МЕПСО за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC) или од странство или Изјава за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC) дадена од понудувачот;
12. Изјава дека неповратно и безусловно ги прифаќа условите од БД и ИД;
13. Изјава со наведена официјална електронска пошта на Понудувачот за комуникација со УС како и наведени овластени лица за комуникација и нивните електронски пошти со кои ќе можат да учествуваат во понатамошните постапки за набавка на електрична енергија за потребите на УС

Сите наведени потребни документи се доставуваат на веб базирана платформа во оригинал или фотокопија на оригиналот заверен на нотар или заверени со штембил „верно на оригинал" со потпис од страна на понудувачот како и печат од компанијата која ги поднесува документите Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на потврди, документ со реден број од 1 до 9 е надлежен Централен регистар, документот со реден број 10 го издава Управа за Јавни приходи, а документите од 12 до 13 ги издава понудувачот.

Ако земјата во која е регистриран понудувачот не ги издава некои од бараните документи наведени во оваа точка, или ако тие не ги опфаќаат сите погоренаведени случаи, понудувачот може да достави

изјава за непостоење на дел од бараните документи, заверена кај надлежен орган во земјата каде истиот е регистриран.

Документите треба да бидат во согласност со законодавството на земјата во која се наоѓа седиштето на субјектот кој се јавува на отворениот повик и истите да не бидат постари од шест месеци.

Напомена: Нецелосните пријави за прием во квалификацискиот систем преку веб базирана платформа во тековниот ден со непотполна документација нема да се сметаат за важечки се додека не се комплетираат. Доставените прилози не се враќаат.

При секоја промена на некој од горенаведените документи квалификуваниот понудувач е должен во рок од 7 (седум) дена да го информира УС.

Доколку некој документ се доставува на странски јазик истиот мора да биде преведен од овластен судски преведувач и заверен на нотар

## 7. Цени и износи

Надоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) ќе биде составен дел на цената ($P_{h1}$) по која УС ќе ја откупи испорачаната електрична енергија во мрежата на МЕПСО на часовно ниво од Избраниот продавач. Цената на часовно ниво ($P_{h1}$) ќе претставува збир од цените на електрична енергија остварени на:

- Еден од транспарентните пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ
- надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h1} = X_{ID} +$ Service Trading Fee

каде што:

**$X_{ID}$** - цената на електрична енергија за соодветниот час остварена на еден од транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ кои ќе бидат наведени во ППП и ИД

**Service Trading Fee** – Услуга за тргување која е предмет на ова барање изразена во EUR/MWh

УС со цел оптимизирање на своето работење, преку избраниот квалификуван понудувач со кој ќе склучи ИД за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на УС, може од избраниот понудувач да побара и продажба на вишокот на електрична енергија во мрежата на МЕПСО кој може да се појави за часови во тековниот ден.

Цената ($P_{h2}$) по која ќе биде продадена енергијата на избраниот Понудувач ќе претставува цена на енергија на транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ во соодветниот час намалена за надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h2} = X_{ID} -$ Service Trading Fee

Сите дополнителни трошоци кои ќе произлезат при испораката на електрична енергија од страна на Понудувачот треба да бидат содржани во надоместокот за услуга за тргување (Service Trading Fee) и ќе бидат на товар на понудувачот.

Износот на часовно ниво (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува производ на испорачаната количината на електрична енергија и цената на часовно ниво ($P_{h1}$), а износот на часовно ниво (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува производ на продадената количина на електрична енергија и цената на часовно ниво ($P_{h2}$).

Доколку Цената на часовно ниво ($P_{h1}$ или $P_{h2}$) е со негативна вредност тогаш таа цена во пресметките ќе се земе со вредност „0" (нула)

За секој ЧРИ понудувачот може да даде понуда само од еден транспарентен пазар.

Месечниот износ (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за испорачана енергија за соодветниот месец на испорака, а месечниот износ (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за продадена енергија за соодветниот месец на испорака.

## 8. Минимален број на понудувачи

Минималниот број на понудувачи што треба да бидат примени во квалификацискиот систем при воспоставувањето и за времетраењето на системот не треба да е понизок од три понудувачи.

## 9. Останати одредби

Сите трошоци настанати за Понудувачот во подготвувањето и испраќањето на документите во врска со овој оглас паѓаат на товар на Понудувачот.

УС ќе ги земе предвид само комплетните документи согласно Точка 6 од овој оглас.

Сите прашања во врска со овој оглас треба да бидат проследени во писмена форма преку соодветната веб платформа и/или следната електронска пошта bids.home@evn.mk

## 10. Административни и дополнителни информации

Прилог 1 на овој Оглас е **Упатство за користење на веб платформата** со кое заинтересираните понудувачи се запознаваат со правилата за користење на квалификацискиот систем и веб базираната платформа

Прилог 2 на овој Оглас е Барањето за прием во КС.

## 11. Модел на договор за набавка

прилог 3: Рамковен договор за набавка на електрична енергија ден однапред

Прилог 4: Индивидуален договор за набавка на електрична енергија ден однапред

## 12. Изјава за прифаќање на услови како прилог

Понудувачот при доставување на документи за понудата доставува и Изјава за прифаќање на условите.

# Рамковен договор

## за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден

Помеѓу:

, со седиште на , со ЕДБ , ЕМБС , депонент банка , жиро сметка: , претставуван од , Управител (Во понатамошниот текст: „***Квалификуван понудувач***")

и

ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 7345216, ЕДБ 4080019580790, претставуван од дипл. инж (МБА) Штефан Петер , Управител и М-р Роланд Циглер, Управител(Во понатамошниот текст: **„Универзален снабдувач" или „*УС*"**).

Во понатамошниот текст заеднички како „***Договорни страни***" или "***Страни***".

**Дефиниции**

Термините користени во овој договор го имаат следното значење.

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор (РД)** | Договор склучен помеѓу Квалификуваниот понудувач и УС. (овој документ). |
| **Понудувач** | Производители, снабдувачи и/или трговци со електрична енергија од Република Северна Македонија кои се регистрирани во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија и/или странство, и кои поседуваат соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО како и од странство |
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено Рамковен Договор со УС |
| **Избран понудувач** | Квалификуван понудувач кој ќе биде избран за најповолен во постапката за набавка на електрична енергија во тековниот ден и ќе биде поканет да склучи Индивидуален Договор во тековниот ден со УС |
| **Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем** | Оглас за прием на понудувачи во квалификациски систем преку веб базирана платформа согласно Правилата за набавка на електрична енергија за Универзалниот снабдувач и достапен на интернет страната www.evn.mk |

| | |
|---|---|
| **Набавка на електрична енергија во тековниот ден** | Постапка која ја спроведува УС во согласност со Правилата за Набавка на електрична енергија за универзалениот снабдувач |
| **Индивидуален договор во тековниот ден** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и УС со кој се утврдуваат комерцијалните услови за соодветна купопродажба на електрична енергија во тековниот ден. |
| **Понуда** | Понуда за надомест за услуга за тргување (Service Trading Fee) на бараната количина во текот на денот доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија во тековниот ден (ППП)** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на УС до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта и/или веб базирана платформа во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведена постапката за набавка на електрична енергија во тековниот ден |
| **Постапка за избор на најповолна понуда за услуга за тргување (Service Trading Fee) во тековниот ден** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со ППП од страна на УС, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација, избор на најповолен квалификуван понудувач и склучување на Индивидуален Договор во тековниот ден со избраните понудувачи или доставување на известување дека никој од понудувачите не е избран да склучи ИД во тековниот ден |
| **Часовен распоред за испорака на електрична енергија и моќност во тековниот ден** | Часовен распоред за испорака на електрична енергија со одредени трговски количини по час во зависност од потребите на УС за набавка во тековниот ден |
| **Транспарентни пазари** | Транспарентни пазари за електрична енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ се пазарите кои ќе бидат наведени во ППП и ИД |

Кратенките користени во овој договор ќе го имаат следното значење

| | |
|---|---|
| **УС** | Универзален снабдувач со електрична енергија кој има обврска за снабдување со електрична енергија како универзална услуга и снабдување со електрична енергија во краен случај (назив на правното лице) |
| **РКЕ** | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Р. С. Македонија |
| **РД** | Рамковен договор за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач на организиран пазар во тековниот ден |
| **ИД** | Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија во тековниот ден |
| **ППП** | Покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија во тековниот ден |
| **КС** | Квалификациски систем |

| | |
|---|---|
| **ЧРИ** | Часовен распоред за испорака на електрична енергија и моќност за набавка на елелктрична енергија во тековниот ден |

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член (1)**

(1) Со овој договор се регулира начинот и условите за склучување на Рамковен Договор за набавка и испорака на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува Универзалниот снабдувач во согласност со член 101 од Законот за енергетика.

(2) Овој РД ги уредува сите трансакции во кои ќе влезат Страните заради купување, продажба, испорака и превземање на електрична енергија. Деталите за секоја поединечна трансакција ќе бидат специфицирани во секој ИД и ЧРИ.

(3) Сите ИД и овој РД ќе формираат единствен Договор помеѓу Страните (заеднички нарекуван како Договорот). Одредбите од овој РД се применуваат на секој ИД и се негов составен дел..

**Член (2)**

(1) Понудувачот кој склучил РД со УС е квалификуван да учествува во секој поединечна постапка за набавка на електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во тековниот ден за потребите на домаќинствата и малите потрошувачи кои ги снабдува УС.

(2) Квалификуваниот понудувач ќе биде поканет од страна на УС да учествува во постапката за набавка на електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во тековниот ден и доставување на понуди преку испраќање на ППП. Понудите доставени од страна на квалификуваните понудувачи ќе бидат евалуирани и ќе бидат утврдени најповолните понуди во согласност со критериумите за избор дефинирани во секоја ППП.

(3) УС има право да ги прифати најповолните понуди, целосно или делумно или да не ги прифати воопшто најповолните понуди, во зависност од одлуката на лицата овластени за преставување и застапување на УС. Понудувачот односно Квалификуваниот понудувач нема право да бара било каков надомест од УС доколку неговата понуда не е избрана за најповолна или доколку набавката е поништена или откажана.

**Член (3)**

(1) Квалификуваниот понудувач согласно ППП доставено од УС доставува понуда за потребите на набавка на електрична енергија само за потребите на Универзалниот снабдувач, како што е дефинирано во Член 1 од овој Договор.

(2) УС нема обврска да му гарантира на Квалификуваниот понудувач дека ќе набави од него определени количини на електрична енергија, ниту пак да му гарантира определен број на склучени ИД.

(3) УС го задржува правото да ги утврдува периодите и количините за набавка и испорака во согласност со своите потреби.

## II. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ИД ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОВНИОТ ДЕН (ППП)

**Член (4)**

(1) УС, во согласност со своите планови и потреби, вклучително временски периоди одбрани согласно сопствените потреби, ќе издаде ППП и ќе го достави до Квалификуваните понудувачи, преку електронска пошта или веб базирана платформа.

(2) Секоја ППП ќе содржи најмалку:

- датум, време и начин на доставување на понуди,
- документи што се доставуваат кон понудата,
- рок на важење на понудата,
- јазик што се користи во понудата и постапката,
- период за испорака на електрична енергија и моќност,
- место на испорака,
- барана моќност
- тип на продукт фактурирање и услови за плаќање,
- валута што се користи во понудата,
- начин на евалуација на понудите,
- почетокот и времетраењето на електронската аукција,
- известување за донесена одлука за избор на најдобра понуда,
- посебни услови,
- информации за гаранција за понудата во вид на банкарската гаранција или депозит

(3) УС може да го продолжи временскиот рок за доставување на понуди, евалуација на понудите, одлука за избор на најдобра понуда, доколку истото е соодветно на потребите и условите за конкурентност и сопствените потреби и притоа не е одговорен за било каква загуба, трошоци и штети предизвикани за другата страна.

(4) УС има право да ја откаже ППП согласно сопствените потреби во било кое време и притоа не е должен да ги објави причините за прекинување на постапката и не е одговорен за било каква загуба, трошоци и штети предизвикани за другата страна. УС ќе го извести Квалификуваниот понудувач за прекинувањето на ППП .

(5) Квалификуваниот понудувач е должен да ги следи и се обврзува да ги почитува сите упатства издадени од страна на УС наведени во ППП .

## III. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИ

**Член (5)**

(1) Само понудите добиени во предвидениот рок согласно ППП ќе бидат земени во предвид за евалуација согласно критериумот „ најнизок надомест за услугата за тргување (Service Trading Fee) на бараната количина на енергија во тековниот ден .

(2) Врз основ на ППП од став (1)на овој член, УС склучува ИД со квалификуван понудувач кој ги исполнува условите наведени во ППП и кој ќе понуди најнизок надомест за услугата за тргување (Service Trading Fee) во тековниот ден.

(3) Изборот на најповолен понудувач ќе се изврши со составување на "Листа на приоритетно подредување" од квалификуваните понудувачи кои доставиле понуди и истато ќе го вршат

овластени лица од УС преку евалуација на понудите по пат на "Листа на приоритетно подредување".

Евалуацијата ќе се спроведе на следниот начин:

- понудите ќе бидат подредени во Листа на приоритетно подредување, почнувајќи со најнискиот понуден надомест за услуга за тргување (ServiceTrading Fee) и завршувајќи со највисокиот понуден надомест за услуга за тргување (ServiceTrading Fee),

- понудите кои не ги содржат сите потребни елементи (документи) наведени во ППП ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи и нема да се евалуираат,

- понудите кои не содржат валидни и целосни банкарски гаранции или вредности на депозити ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи и нема да се евалуираат.

(4) УС има право да изврши набавка на електрична енергија преку користење на соодветна електронска (софтверска) апликација / веб платформа, согласно насоките дефинирани во ППП и Прилог Упатство за користење на апликацијата / веб платформата.

(5) При постапката за набавка на електрична енергија преку користење на електронска (софтверска) апликација / web платформа, УС претходно ќе го запознае Квалификуваниот понудувач со начинот на користење на апликацијата / web платформа во постапката за набавка на електрична енергија и ќе ги покани квалификуваните понудувачи да доставуваат понуди преку истата.

(6) УС го задржува правото да избере повеќе од еден квалификуван понудувач, или да отфрли понуда во согласност со насоките и критериумите претходно дадени во ППП.

(7) Постапката за набавка на електрична енергија за потребите на Универзалниот снабдувач завршува со потпишување на ИД со еден или повеќе понудувачи или со доставување на известување дека никој од понудувачите не е избран да склучи ИД.

## IV. ЦЕНИ И ИЗНОСИ

### Член (6)

(1) Надоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) за електрична енергија се смета за единствен критериум за избор на најповолна понуда. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку два или повеќе квалификувани понудувачи понудиле ист надоместок за услугата за тргување ( Service Trading Fee). Во таков случај за најповолна ќе биде рангирана понудата од квалификуваниот понудувач кој прв ја доставил. Изборот на најповолени квалификувани понудувачи го вршат законските застапници на УС, земајќи го во предвид рангирањето на најповолните квалификувани понудувачи во согласност со критериумите од овој Оглас

(2) Надоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) ќе биде составен дел на цената (Ph1) по која УС ќе ја откупи испорачаната електрична енергија во мрежата на МЕПСО на часовно ниво од Избраниот понудувач. Цената на часовно ниво (Ph1) ќе претставува збир од цените на електрична енергија остварени на:

- Еден од транспарентните пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ

- надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h1} = X_{ID} + \text{Service Trading Fee}$

каде што:

**$X_{ID}$** - цената на електрична енергија за соодветниот час остварена на еден од транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ кои ќе бидат наведени во ППП и ИД

**Service Trading Fee** – Услуга за тргување која е предмет на ова барање изразена во EUR/MWh

(3) УС со цел оптимизирање на своето работење, преку избраниот квалификуван понудувач со кој ќе склучи ИД за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на УС, може од избраниот понудувач да побара и продажба на вишокот на електрична енергија во мрежата на МЕПСО кој може да се појави за часови во тековниот ден.

(4) Цената ($P_{h2}$) по која ќе биде продадена енергијата на избраниот Понудувач ќе претставува цена на енергија на транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ во соодветниот час намалена за надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h2} = X_{ID}$ - Service Trading Fee

(5) Сите дополнителни трошоци кои ќе произлезат при испораката на електрична енергија од страна на Понудувачот треба да бидат содржани во надоместокот за услуга за тргување (Service Trading Fee) и ќе бидат на товар на понудувачот.

(6) Износот на часовно ниво (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува производ на испорачаната количината на електрична енергија и цената на часовно ниво (Ph1), а износот на часовно ниво (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува производ на продадената количина на електрична енергија и цената на часовно ниво (Ph2).

(7) Доколку Цената на часовно ниво ($P_{h1}$ или $P_{h2}$) е со негативна вредност тогаш таа цена во пресметките ќе се земе со вредност „0" (нула)

(8) За секој поединечен ЧРИ на дневно ниво понудувачот може да даде понуда само од еден транспарентен пазар.

(9) Месечниот износ (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за испорачана енергија за соодветниот месец на испорака, а месечниот износ (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за продадена енергија за соодветниот месец на испорака.

## V. ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР

### Член (7)

(1) По донесување на одлука за набавка на електрична енергија согласно ранг листата на најповолни понудувачи, УС пред истекот на важноста на понудата, ќе ги извести квалификуваниот понудувач, во пишана форма преку електронска пошта дали неговата понуда е прифатена или не е прифатена. УС ќе му достави ИД на квалификуваниот понудувач само ако неговата понуда биде прифатена во рамки на постапката за набавка на електрична енергија.

(2) ИД за купопродажба на електрична енергија ќе го содржи следното:

- информации во врска со избраниот понудувач и одговорните лица за контакт,
- период на испорака,
- договорена максимална моќност изразена во MW,
- договорен тип на продукт
- договорен услуга за надомест за тргување (Service Trading Fee) за електричната енергија, изразена во EUR/MWh, без вклучен ДДВ.
- точка на испорака,
- услови на плаќање,
- останати услови.

(3) ИД ќе биде прифатен и потпишан од страна на избраниот понудувач без понатамошни преговори.

(4) ИД влегува во сила со денот на потпишувањето на двете страни и ќе важи заклучно со исполнување на сите обврски наведени во истиот.

(5) Доколку Избраниот понудувач не потпише ИД , или ја повлече понудата пред истекувањето на нејзината важност, тогаш УС ќе ја активира обезбедената гаранција за понудата или ќе го задржи доставениот депозит за понудата

(6) ИД ќе бидат склучени само помеѓу овластените лица на двете страни.

(7) По склучувањето на секој ИД , избраниот понудувач се согласува да му продаде електрична енергија на УС и УС се согласува да ја превземе и да ја плати електричната енергија доставена во количина и на начин предвиден во овој РД и предметниот ИД и Часовниот распоред за испорака на електрична енергија и моќност (ЧРИ).

(8) Доколку УС со цел оптимизирање на своето работење, побара од избраниот понудувач продажба на вишокот на електрична енергија кој може да се појави во тековниот ден, во тој случај избраниот понудувач се согласува да ја откупи електрична енергија од УС, и да му плати износ на начин предвиден во член 6 од овој РД и предметниот ИД како и согласно Дневниот распоред за испорака на електрична енергија и моќност

(9) Во случај на разлики помеѓу текстот на РД и ИД, текстот во ИД ќе преовладува над РД.

(10) ИД може да биде раскинат и пред завршување на периодот дефиниран во истиот, во случај на неисполнување на обврските од овој РД.

**Член (8)**

(1) Оригиналните документи ќе бидат разменети по пошта само со избраните понудувачи.

**Член (9)**
**Известување за ЧРИ на електрична енергија и моќност**

(1) Во зависност од потребите за набавка на електрична енергија за потребите на домаќинствата и малите епотрошувачи , УС ќе достави Известување за часовен распоред на испорака (ЧРИ) до квалификуваниот понудувач со кој имаат склучено ИД набавка на електрична енергија во тековниот ден.

(2) Известувањето за ЧРИ од страна на УС ќе биде испратен до избраниот понудувач по електронска пошта. Во ЧРИ треба да е наведен профилот на достава, како и количините за купопродажба на ниво на набавка во текот на денот, кои се состојат од моќност на часовно ниво заокружена на целосна цифра (MW) без децимални места.. УС ќе достави ЧРИ до Избраниот понудувач во интервалот помеѓу 07:00 и 22:00 ч. , во работни или неработни денови, најмалку 3 (три) часа пред почетокот на достава согласно соодветниот ЧРИ. УС ќе го извести Избраниот понудувач за доставеното ЧРИ и телефонски.

(3) Избраниот понудувач испраќа потврда и информација за целосно прифаќање, измена или неприфаќање на бараниот ЧРИ во текот на денот во зависност од можностите, ликвидноста на Пазарите во текот на денот (Intraday) и од расположливоста на капацитетите на соодветниот ОЕПС (Оператор на електро преносен систем) и за истото ќе испрати информација до УС (преку електронска пошта) со индикативна понуда поврзана со соодветна берза на ЕЕ (од листата на берзи на ЕЕ наведени во ППП и ИД) преку која ќе се изврши трансакцијата.

(4) Договорната цена на часовно ниво ќе се состои од цената за набавка во текот на денот во согласност со наведениот пазар за набавка во текот на денот и надоместокот за услуга за тргување наведен во ИД. Избраниот понудувач го задржува правото да го намали побараниот Профил за набавка во текот на денот ако според ситуацијата на пазарот Избраниот понудувач не може да го достави целиот побаран ЧРИ. Во овој случај, Избраниот понудувач ќе му испрати на УС изменет ЧРИ во текот на денот заедно со понудата. Избраниот понудувач ќе ја испрати понудата до УС во рок од 20 минути по примањето на ЧРИ. Понудата важи до истекот на рокот во кој истата треба да биде прифатена и

ќе биде обврзувачка за Избраниот понудвач. Понудата важи 15 минути од моментот на испраќање од страна на Избраниот понудувач.

(5) Понудата ќе се смета за прифатена ако Избраниот понудувач добие потврда по електронска пошта дека УС ја прифаќа понудата пред таа да истече. Прифатената понуда почнува да важи од моментот кога Избраниот понудувач ќе добие електронска пошта од УС со кој потврдува дека ја прифаќа понудата

(6) Договорните страни се согласуваат дека за секој ден за кој има извршено Трансакција во текот на денот (Intraday) , Избраниот понудувач ќе му доставуви на УС извештај наредниот ден до 11:00 ч. согласно централно европско време (CET), којшто ќе го содржи вкупното количество на купена и продадена електрична енергија („Извештај за продажба на електрична енергија во текот на денот" и „Извештај за купена електрична енергија во текот на денот", договорните цени и вкупната вредност на трансакциите).

(7) Исто така, во текот на првите три (3) работни дена од календарскиот месец за време на Периодот на важност, Договорните страни ќе го потврдат по писмен пат (со размена на скенирани документи по електронска пошта) количеството и договорната вредност на електричната енергија продадена и/или купена на Местото на достава во текот на претходниот календарски месец (секоја писмена потврда ќе се смета за „Потврда"). Продавачот ќе ја користи Потврдата како основа за подготовка на фактура за доставената електрична енергија во соодветниот календарски месец, којашто ќе ја испрати до Купувачот.

## Член (10)

## Примарни обврски за достава и прифаќање на електрична енергија

(1) Во согласност со секој ЧРИ Продавачот ќе номинира испорачување, ќе продаде и ќе изврши достава, а Купувачот ќе номинира примање, ќе купи и ќе прифати достава на местото на испорака (во мрежата на МЕПСО).

(2) Електричната енергија ќе се доставува во согласност со опсегот на толеранција за напонот и фреквенцијата, како и други технички стандарди во согласност со применливите одредби на ENTSO-E (Европска мрежа на оперативен систем за пренос на електрична енергија), пропишани од надлежните оператори на системите за пренос на електрична енергија (особено одредбите поврзани со објавата на распореди, фактури и размена на податоци).

(3) Електричната енергија ќе се доставува според усогласениот ЧРИ помеѓу договорните страни.

(4) Избраниот понудувач ќе ги сноси сите ризици и целата одговорност за трошоците и давачките поврзани со преносот и доставата на договорната количина до местото на испорака. Избраниот понудувач ќе ги сноси сите ризици и целата одговорност за трошоците и давачките поврзани со прифаќањето и преносот на договорната количина на и од местото на испорака.

## Член (11)

## Фактурирање и начини на плаќање

(1) Продавачот ќе му испрати на Купувачот фактура со вкупното количество електрична енергија доставена во соодветниот месец најдоцна пет (5) работни дена по завршување на соодветниот период од календарскиот месец во кој била доставена електричната енергија. Во врска со таквата фактура, Продавачот може да го наведе долгот помеѓу Договорните страни согласно секој Индивидуален договор, вклучувајќи ја, без ограничување, целата неисплатена сума за купопродажба на електрична енергија.

(2) Врз основа на фактурите подготвени од Продавачот, Купувачот ќе врши исплата за доставената електричната енергија во текот на периодот на достава двапати месечно: за електричната енергија доставена од 1 до 15 секој месец (вклучувајќи ги и двата дена) и за електричната енергија доставена

во периодот од 16 до последниот ден во месецот (вклучувајќи ги и двата дена) (периоди на фактурирање). Продавачот ќе ја подготви и достави соодветната фактура на последниот ден од соодветниот период на фактурирање, а Купувачот ќе ја изврши исплатата најдоцна до десетиот (10) ден по прием на соодветната фактура. Ако рокот за исплатата е во неработен ден, исплатата ќе се изврши во текот на следниот работен ден. Работни денови се сметаат сите денови од понеделник до петок, со исклучок на празниците во Македонија

(3) Сумите наведени во Договорот не вклучуваат ДДВ, освен ако не е наведено поинаку. ДДВ согласно Договорот ќе биде утврдено согласно Законот за ДДВ.

(4) Продавачот ќе изготви фактура за испорачаната електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс за валута евро (ЕУР) на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на фактурирањето и Купувачот ќе го изврши плаќањето на фактурата во денари (МКД) на жиро сметка на Продавачот во согласност со упатството дадено во фактурата

(5) Ако Купувачот не ја изврши исплатата или делумно ја изврши, тој е обврзан да исплати законска казнена камата пресметана согласно Закон за облигациони односи сметана од и заедно со денот на доспевање на фактурата, со исклучок на денот на исплата..

**Член (12)**

**Кредитна поддршка**

(1) Поради ризикот кој го сносува секоја од Договорните страни во однос на кредитоспособноста на другата Договорна страна, како и да се осигура навремено исполнување на обврските кои произлегуваат од Рамковниот и Индивидуалниот договор, Договорните страни може да се договорат за време или во кое било време по склучување на Рамковниот договор или при склучувањето на секој Индивидуален договор, во околностите под кои може да биде потребна кредитна поддршка во корист на Договорната страна, вклучително со формата на документите за кредитна поддршка, да ја обезбедат сумата за кредитна поддршка, како и идентитетот на еден или повеќе прифатливи даватели на кредитна поддршка.

**Член (13)**

**Застапување и овластување**

(1) За времетраењето на овој Рамковен договор, секоја Договорна страна гарантира дека има овластување да ги извршува трансакциите кои се предмет на Договорот, како и дека ги има обезбедено сите потребни одобренија и дозволи и дека презела сè за исполнување на потребните правни услови и ги поседува сите потребни сертификати. Секоја Договорна страна ќе ги преземе потребните дејства да ги обезбеди овластувањата, одобренијата или дозволите потребни за извршување на обврските пропишани со Рамковниот договор со цел истиот да биде полноважен во текот на целиот период на важност.

(2) На разумно барање од едната Договорна страна, другата Договорна страна ќе приложи примероци од директивите и одредбите од примарните и секундарните прописи кои се применети тука, на официјалниот јазик на кој се составени документите, и доколку е можно, на англиски. Двете Договорни страни ќе се известуваат меѓусебно за одлуките донесени од нивниот управен орган или друго управно тело коишто влијаат врз полноважноста на Рамковниот договор.

**Член (14)**

**Неизвршување на обврските**

(1) Ако Продавачот воопшто не го достави или делумно го достави количеството согласно усогласниот ЧРИ, а не е ослободен од обврските во случај на Виша сила, како што е наведено во делот VII од Договорот, или, пак, од неизвршување на обврските на Купувачот, Продавачот ќе му го исплати на

Купувачот износот за недоставената електрична енергија, којшто е еднаков на разликата помеѓу прифатената цена од усогласениот ЧРИ и повисоката цена по која Купувачот е во можност или ќе биде во можност да ја купи или на друг начин да ја преземе недоставената електрична енергија на пазарот, а притоа ќе дејствува на комерцијално разумен начин, зголемен за променливите трошоци за пренос на електричната енергија, како и сите други разумни и документирани трошоци. Можноста за надомест на загуба на заработувачка, индиректни или консеквентни штети изричито се исклучува.

(2) Доколку Купувачот не го прифати или делумно го прифати количеството согласно усогласниот ЧРИ, а не е ослободен од обврските во случај на Виша сила, како што е наведено во Член 10 од Договорот, или, пак, од неизвршување на обврските на Продавачот, Купувачот ќе му ја исплати на Продавачот сумата за неприфатеното количество којашто е еднаква на разликата помеѓу договорената договорна цена и пониската цена по која Продавачот е во можност или ќе биде во можност да ја продаде неприфатената електрична енергија на пазарот, а притоа ќе дејствува на комерцијално разумен начин, зголемена за променливите трошоци за пренос на електричната енергија, како и сите други разумни и документирани трошоци. Можноста за надомест на загуба на заработувачка, индиретни или консеквентни штети изричито се исклучува.

**Член (15)**

**Одговорност**

(1) Ниедна Договорна страна нема да сноси одговорност кон другата Договорна страна за каква било загуба, трошок, штета („Штета"), (вклучувајќи, меѓу другото, и одговорност за недоследности во снабдувањето на електрична енергија согласно Индивидуалниот договор) предизвикани од другата Договорна страна врз основа или во врска со Договорот, освен ако таквата ситуација, како на пример, штета, настанала како резултат на груба небрежност, намерно несовесно однесување, или измама од страна на Договорната страна.

(2) Одговорноста на Договорната страна заснована врз основа или во врска со Договорот не вклучува одговорност за индиректни и/или последователни штети, вклучувајќи, меѓу другото, и загуба на заработувачка, углед, деловна можност или очекувана заштеда.

(3) Заради појаснување и во согласност со важечкиот закон, секоја Договорна страна се обврзува да ја ублажи настаната штета, како и да вложи комерцијално разумни напори за минимизирање на штетата којашто може да настане врз основа или во врска со Договорот.

**Член (16)**

**Прекин на достава на електрична енергија**

(1) Покрај правата и правните средства кои ѝ се достапни на Договорната страна (Договорна страна којашто не ги прекршува обврските), ако Договорната страна (Договорна страна којашто ги прекршува обврските) не ги подмирува обврските согласно Договорот, или ако таа или давателот на кредитна поддршка не ја обезбеди, надомести или зголеми сумата на кој било документ за кредитна поддршка, Договорната страна којашто не ги прекршува обврските има право три (3) дена по испраќање на писмено известување до Страната којашто ги прекршува обврските веднаш да ја прекине понатамошната достава на електрична енергија и да биде ослободена (а не привремено да биде ослободена) од основните обврските за достава согласно сите ЧРИ додека не ги прими потребниот колатерал или целосно не ѝ бидат исплатени сите неизмирени суми (вклучително со сите важечки затезни камати и трошоци) кои ѝ следуваат.

**Член (17)**

**Пресметка на износ за надомест на штета при прекин на Договор**

(1) Од моментот на раскинување на Договорот или веднаш штом тоа ќе биде разумно изводливо, Договорната страна којашто го раскинува Договорот ќе го пресмета износот (износ за надомест на штета при прекин на Договорот) којшто треба да се исплати во случај на прекин согласно Член 26 (Прекин на договор) преку пресметка на сумата (позитивна или негативна) за сите спогодбени износи за сите Индивидуални договори, како и износот или сите износи кои треба да се подмират помеѓу Договорните страни во врска со Договорот.

(2) „Спогодбен износ" за Индивидуален договор ќе биде Добивката без вкупните Загуби и Трошоци кои Договорната страна којашто го раскинува Договорот ги создава како резултат на раскинување на Индивидуалниот договор. За целите на оваа одредба:

Под „Добивка" се подразбира износ којшто е еднаков на сегашната вредност на економската корист за Договорната страна којашто го раскинува Договорот, доколку има (без Трошоците), што произлегува од раскинувањето на Индивидуалниот договор и се утврдува на комерцијално разумен начин.

Под „Загуби" се подразбира износ којшто е еднаков на сегашната вредност на економската загуба за Договорната страна којашто го раскинува Договорот, доколку постои (без „Трошоци"), што произлегува од раскинувањето на Индивидуалниот договор и се утврдува на комерцијално разумен начин; и

Под „Трошоци" се подразбираат надоместоци за брокерски услуги, провизии и други трошоци во врска со трети лица коишто разумно ги создава Договорната страна којашто го раскинува Договорот при раскинување на каков било Договор согласно кој ја заштитила својата обврска или при склучување на други Договори кои го заменуваат раскинатиот Индивидуален договор, како и оправданите правни надоместоци, трошоци и давачки предизвикани од страна на Договорната страна којашто го раскинува Договорот во врска со раскинувањето на Индивидуалниот договор.

(3) При пресметка на Спогодбениот износ, Договорната страна којашто го раскинува Договорот може, но нема обврска да изврши пресметка на Добивките и Загубите доколку така одлучи, без да се впушта во други транскации како нивна замена.

(4) Износот за надомест на штета при раскинување на Договорот од страна на соодветната Договорна страна треба да ѝ се исплати на другата Договорна страна во рок од три (3) работни дена од прием на известувањето за раскинување на Договорот и фактурата со споменатиот износ преку електронска пошта.

## Член (18)

## Отстапување

(1) Ниедна од Договорните страни нема право да ги отстапи правата и обврските од Договорот, целосно или делумно, на трета страна без претходна писмена согласност од другата Договорна страна. Согласноста нема да биде неразумно одложувана или одбиена.

(2) Секоја Договорна страна има право да ги отстапи своите права и обврски утврдени со Договорот без претходна писмена согласност од другата Договорна страна на соработник ако истиот е подготвен и има капацитет да ги исполни во целост таквите договорни обврски. Отстапувањето ќе стапи на сила само откако другата Договорна страна ќе прими соодветно известување и доколку секој Документ за кредитна поддршка којшто бил издаден или на кој се согласила Договорната страна којашто ги отстапува своите права бил одново издаден или изменет во насока на поддршка на обврските на соработникот во корист на другата Договорна страна.

## Член (19)

## Разни одредби

(1) Ако одредена одредба е неважечка или стане неважечка, валидноста на останатите договорни одредби останува непромената. Договорните страни се обврзуваат да ги заменат неважечките одредби со важечки чиешто правно дејство ќе биде најсоодветно до комерцијалното дејство на неважечките одредби, а притоа ќе ги почитуваат изворните комерцијални цели на Договорот.

(2) Рамковниот договор ќе се менува и дополнува по писмен пат и ќе биде соодветно потпишан од преставниците на двете страни.

## VI. ДОВЕРЛИВОСТ

**Член (20)**

(1) Условите наведени во ИД ќе се сметаат за доверлива информација и ниту една од договорните страни нема да ги открие овие информации на трета страна.

(2) Како доверлива нема да се смета информацијата која:

а) е објавена со претходна писмена согласност на другата страна,

б) е откриена по барање на законски и подзаконски акти, Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, или во врска со судска или регулаторна постапка, при што секоја од договорните страни ќе се погрижи, колку што е тоа практично дозволено со односниот закон или регулатива, да го спречи или ограничи откривањето на информацијата и веднаш за тоа да ја извести другата Договорна страна,

в) претставува информација од јавен карактер, или

г) е откриена од статистички причини, при што ќе се води сметка таквото откривање да не го вклучи идентитетот на другата Договорна страна.

(3) Договорите страни се должни да ги почитуваат обврските за доверливост во времетраење од две (2) години по истекувањето на односниот ИД.

## VII. ВИША СИЛА

**Член (21)**

(1) Случај на Виша сила го ослободува избраниот понудувач од обврската да испорача/отукупи и УС да превземе/предаде енергија во согласност со овој РД.

(2) Под услови на Виша сила, УС и избраниот понудувач ќе подразберат непредвидливи природни појави кои се поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотреси, пожари, итн.), како и настани и околности настанати по склучувањето на овој РД, кои го спречиле исполнувањето на договорните обврски и кои што ниту една од страните не е во можност да ги спречи, елиминира или избегне. Како вакви настани се сметаат акти на државните институции и операторот на електропреносниот систем во Република Северна Македонија донесени во согласност со оперативните правила на операторот на електропреносниот систем со цел да се обезбеди стабилност на енергетскиот систем во Република Северна Македонија . Страната која е засегната со виша сила ќе ја информира другата страна за почетокот и крајот на состојбата на виша сила и ќе ги превземе сите разумни мерки кои се потребни за ублажување на последиците од виша сила.

(3) "Виша сила" во смисла на овој Договор подразбира вклучително, без ограничувања, една или повеќе од следниве околности:

1) непредвидливи природни појави поврзани со природни катастрофи (поплави, земјотреси, пожари и слично) кои се официјално објавени од надлежни институции во Р.Северна Македонија, или

2) дејствија на државните институции во Р.Северна Македонија и/или на операторот на преносниот систем и/или операторот на дистрибутивниот систем коишто се извршени во согласност со правилата за работење на соодветните оператори во Р.Северна Македонија заради осигурување на стабилноста на енергетскиот систем во Република Северна Македонија и кои се официјално објавени од страна на истите, или

3) дефекти на комуникациските или компјутерските системи на релевантниот телекомуникациски оператор(и) во Р.Северна Македонија што ја спречуваат страната барател да ги изврши своите обврски за испорака или прием, официјално објавени од истите или

4) воведување или почитување на какви било закони, согласности, прописи, уредби, пресуди, налози, резолуции во сила, или барање од било кои државни органи во Р.Северна Македонија освен барање што се однесува на парична исплата,

5) војна, непосредна воена закана, експлозија, официјално објавени од надлежни институции во Р. Северна Македонија.

**Член (22)**

(1) Ако, поради Виша сила, едната страна не може, целосно или делумно, да извршува кои било од своите обврски за испорака или прием од еден или повеќе ИД-, се смета дека не се случило прекршување или неисполнување на договорните обврски од страната барател и таа се ослободува (наместо само времено да и се суспендираат) од оние обврски што се погодени од настанот на виша сила во временски рок и во онаа мера во која таквата виша сила ја спречува страната и ја оневозможува да ги извршува договорните обврски. Страната барател не е предмет на какви било обврски за исплата на обештетување во однос на количествата што не биле испорачани или примени.

(2) Страната барател во најкраток можен рок откако ќе стане свесна за настанот на виша сила ја известува другата страна во писмена форма за започнувањето на настанот на виша сила, неговата природа и доколку е тоа можно, и дава необврзувачка процена за обемот и очекуваното времетраење на својата неспособност да ги извршува договорните обврски. Страната барател ги вложува сите комерцијално разумни напори да ја поправи состојбата и да ја отстрани, колку што е тоа можно, причината за својата неспособност за извршување на договорните обврски, на тој начин ублажувајќи ги последиците на вишата сила и, во текот на продолженото траење на настанот на виша сила, и обезбедува на другата страна разумни ажурирани информации, кога и ако е можно, за обемот и очекуваното времетраење на својата неспособност за извршување на договорните обврски; под услов, дополнително, ако решавањето на штрајковите, прекините на работењето и другите трудови конфликти е целосно во надлежноста на засегнатата страна што се повикува на постоење на настан на виша сила.

(3) Страната барател веднаш ја известува другата страна за преземените мерки за заштита од и елиминирање на настанот на виша сила, вклучувајќи итно известување за завршувањето на настанот на виша сила.

(4) Во случај, и под услов, ако избраниот понудувач е ослободен од обврските за испорака/откуп поради настан на виша сила, УС, исто така, се ослободува од соодветните обврски за прием и плаќање. Во случај, и под услов, ако УС е ослободен од обврските за прием поради настан на виша сила, избраниот понудувач, исто така, се ослободува од соодветните обврски за испорака/откуп.

(5) Ако некоја страна е ослободена од своите договорни обврски поради настан на виша сила во период подолг од триесет (30) последователни дена или подолго од шеесет (60) дена вкупно во текот на една календарска година, договорната страна што не е страната барател има право да го раскине секој ИД што е погоден од настанот на виша сила веднаш со писмено известување до страната барател. Таквото раскинување на договорот не ги доведува во прашање акумулираните права и обврски на страните во согласност со тој ИД до датумот на раскинувањето, но ниедна страна не е одговорна пред другата страна во однос на кој било неистечен дел од вкупниот рок за снабдување од таквиот ИД по датумот на раскинувањето.

## VIII. РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член (23)**

(1) Страните се согласни дека секој спор кој произлегува во врска со овој РД ќе се обидат да го разрешат на мирен начин со непосредни преговори, во духот на добрата деловна соработка.

(2) Доколку Квалификуваниот понудувач и УС не успеат да го решат спорот со непосредни преговори во рок од 15 (работни) дена, секоја страна за спорното прашање може да поведе постапка пред надлежен суд или друг надлежен орган во Република Северна Македонија.

## IX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член (24)**

(1) Овој договор се смета за склучен од моментот на негово потпишување и верифицирање со печат од страна на овластените лица на Страните.

**Член (25)**

(1) Овој договор е применлив од датумот на негово склучување согласно Член 24 од овој договор и истиот ќе продолжи да важи се додека ниту една од договорните страни не побара негово раскинување.

**Член (26)**

(1) Која било Договорна страна (Договорна страна којашто го раскинува Договорот) може да го раскине Договорот со поднесување на известување за раскинување во кое било време поради една или повеќе од следните причини („Материјална причина"):

(а) Неизвршување: Доколку Договорната страна или Давателот на кредитна поддршка не ја извршат потребната исплата, обезбедат колатерал или исполнат друга материјална обврска кога е потребно, вклучувајќи ја и обврската да обезбедат соодветна гаранција за способноста да ѝ ги исплатат неизмирените обврски на Договорната страна којашто не ги прекршува обврските кога таа има разумна основа за несигурност (покрај случаите кога е дозволено ослободување од обврската согласно Член 21 и 22 (Виша сила) според Договорот; ако во случај на неисплќање, пречката не биде отстранета во рок од пет (5) работни дена по испраќањето на писмено барање, или ако во случај на неисполнување на друга обврска, пречката не биде отстранета во рок од пет (5) работни дена од поднесувањето на писмено барање по мејл.

(б) Неизвршување на достава или преземање: Доколку Договорната страна не ја исполни обврската за достава или преземање на електрична енергија согласно Индивидуалните договори (покрај случаите кога е дозволено ослободување од обврската согласно Член 21 и 22 (Виша сила) или Член 16 (Прекин на достава) во рок од повеќе од седум (7) последователни дена или повеќе од седум (7) собрани дена во временски период од шеест (60) дена.

(в) Виша сила: Договорната страна е ослободена од обврската наведена во Договорот поради Виша сила во времетраење од над триесет (30) последователни дена.

(2) Независно од Член 26 став (1), ако некоја од Договорните страни (Договорна страна којашто не ги прекршува обврските):

(а) изврши потполно отстапување во корист на доверителите или потпише спогодба во корист на доверителите;

(б) е несолвентна или не може да ги исплати достасаните обврски;

(в) поднесе жалба или на друг начин покрене судска постапка во согласност со закон за несолвентност или друг сличен закон или доколку против неа е поднесена или покрената жалба или постапка, или, пак, се наоѓа во некаква друга положба со којашто би се оправдало отпочнувањето на таква судска постапка;

во тој случај, веднаш откако ќе дознае за таквиот настан, Договорната страна којашто не ги прекршува обврските може да го прекине Договорот, при што истата (Договорната страна којашто го раскинува Договорот) не мора да испрати претходно писмено известување за прекин на Договорот.

**Член (27)**

(1) Овој договор може еднострано да се раскине со отказен рок од 1 (еден) месец од датумот на прием на поднесено барање од договорната страна.

(2) Доколку договорот стане неприменлив поради измена на важечките законски и подзаконски акти во Република Северна Македонија,

(3) доколку некоја од договорните страни не постапува согласно условите дадени во овој РД или ИД и/или не ги исполнува, во целост или делумно, правата и обврските од овој РДили ИД и/или доколку по било кој однос престане важноста на соодветната лиценца на УС или квалификуваниот понудувач издадена од РКЕ и/или не ги исполнува условите да биде понудувач согласно критериумите за избор на понудувач во КС

(4) Овој договор може да се раскине и спогодбено од двете договорни страни.

**Член (28)**

(1) Известувањето за раскинување на овој договор се доставува во писмена форма од едната до другата договорна страна.

## X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член (29)**

(1) Договорните страни можат да ги пренесуваат, отстапуваат, поништуваат или на друг начин да располагаат со сите или дел од правата и обврските од овој Договор само по неговото стапување во сила, и само со претходна писмена согласност на другата договорна страна која треба да биде дадена во рок од 30 дена по приемот на соодветното барање за тоа, а доколку согласноста не е дадена во тој период ќе се смета дека е одбиена. Овој Договор ќе има дејство и на правните следбеници на договорните страни и на дозволените приматели на страните.

(2) Овој Договор, вклучувајќи ги и неговите прилози претставува целосен договор помеѓу договорните страни за предметот на истиот и ги заменува сите претходни или истовремени вербални или писмени договори, преговори или дискусии поврзани со предметот на договорот.

(3) Доколку било која одредба од овој договор престане да важи поради судска одлука, акти на државни органи, таа одредба нема повеќе да биде дел од овој договор, а останатите одредби ќе продолжат да важат. Кога и да е возможно секоја одредба, израз или услов од овој Договор ќе биде интерпретиран на начин да биде применлив и валиден според меродавното право, но ако некоја одредба, израз или услов од овој Договор биде неважечки според меродавното право, целосно или делумно, таа одредба, израз или услов или дел од нив нема да претставува дел од овој Договор, но нема да влијае на законитоста и валидноста на остатокот од овој Договор и нема да предизвика неважност на целиот договор. Наместо одредбата, изразот или условот од овој Договор што станал целосно или делумно неважечки, договорните страни ќе настојуваат веднаш да договорат валидна и практична одредба која ќе биде законски дозволена и која е најблиска до таа која ја заменува, обидувајќи се колку што е можно да ја постигнат вистинската волја на договорните страни и економската цел на одредбата, изразот или

условот кои се неважечки. Одредбата од овој член ќе се применува и во случај кога овој Договор содржи празнини.

(4) Измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со анекс на договорот, во писмена форма, потпишан од двете договорни страни.

(5) Овој договор е склучен на македонски јазик.

**Член (30)**

(1) За се она што не е регулирано во овој договор ќе се применува законските и подзаконските прописи на Република Северна Македонија.

**Член (31)**

(1) Лица овластени за размена на информации и превземање на активности засновани на овој РД од страна на УС:

| | |
|---|---|
| Име и Презиме | Име и Презиме |
| e-mail: | e-mail: |
| телефон: | телефон: |
| факс: | факс: |

(2) Лица овластени за размена на информации и превземање на активности засновани на овој РД од страна на квалификуваниот понудувач:

| | |
|---|---|
| Име, Презиме и функција: | Име, Презиме и функција: |
| e-mail: | e-mail: |
| Телефон/моб: | телефон: |
| факс: | факс: |

**Член (32)**

(1) Во случај на неконзистентност на условите од ИД и одредбите од овој РД, ќе преовладаат условите од ИД за целите на наведениот ИД. Насловите и поднасловите се само за уредување на текстот и не влијаат на интерпретацијата на РД.

(2) Договорот се склучува на македонски јазик. Англискиот текст на договор е со не обврзувачки карактер. Во случај на разлики во текстовите ќе преовладува македонската верзија од договорот.

(3) Овој договор е направен во 4 оригинални примероци, по 2 копии за секоја договорна страна.

За Квалификуваниот понудувач — За УС

# ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР

## ЗА КУПОПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ТЕКОВНИОТ ДЕН

**по ППП бр. ________**

**Склучен помеѓу**

ЕВН Хоме ДОО Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје, Република Македонија, со ЕМБС 7345216, ЕДБ 4080019580790, претставуван од дипл. инж (МБА) Штефан Петер , Управител и М-р Роланд Циглер, Управител (Во понатамошниот текст: **„Универзален снабдувач (УС)"**).

и

____________, со седиште на __________, 1000 Скопје, Р.Македонија (Во понатамошниот текст: „***Избран Понудувач***"), претставуван од __________, Управител.

Согласно со Рамковниот договор (во понатамошниот текст "РБ") со арх.бр.______ и со овој Индивидуален договор за купопродажба на електрична енергија (во понатамошниот текст "ИД"), се врши купопродажба на електрична енергија во тековниот ден.

1. **Период на испорака:**

   **од XX. XX. XX XX до XX. XX. XX XX година**

2. **Договорена услуга за надомест за тргување (Service Trading Fee)**

   Договорена услуга за надомест за тргување (Service Trading Fee) **X,XX EUR/MWh**

   Надоместокот за Услугата за тргување треба да биде изразена во валута EUR/MWh за испорачана електрична енергија, без вкалкулиран ДДВ.

3. **Договорен тип на продукт:**

   Продукт: Часовен распоред за испорака на електрична енергија (ЧРИ) со одредени трговски количини по час во зависност од потребите на УС за набавка во тековниот ден

4. **Барана максимална моќност во профилот на оптоварување**

   Бараната моќност на часовно ниво за потребите на УС би се движела во граници од XX MW до XX MW , во случај на купување на елекетрична енергија и во случај на продажба на вишокот на електрична енергија во граници од XX MW до XX MW ,кој може да се појави во текот на денот.

5. **Цени и износи:**

   Надоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) за електрична енергија се смета за единствен критериум за избор на најповолна понуда. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку два или повеќе квалификувани понудувачи понудиле ист надоместок за услугата за тргување ( Service Trading Fee). Во таков случај за најповолна ќе биде рангирана понудата од квалификуваниот понудувач кој прв ја доставил. Изборот на најповолени квалификувани понудувачи го вршат законските застапници на УС, земајќи го во предвид рангирањето на најповолните квалификувани понудувачи во согласност со критериумите од овој Оглас

   Надоместокот за услугата за тргување (Service Trading Fee) ќе биде составен дел на цената (Ph1) по која УС ќе ја откупи испорачаната електрична енергија во мрежата на МЕПСО на часовно ниво од Избраниот понудувач. Цената на часовно ниво (Ph1) ќе претставува збир од цените на електрична енергија остварени на:

   - Еден од транспарентните пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ

- надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h1} = X_{ID}$ + Service Trading Fee

каде што:

$X_{ID}$ - цената на електрична енергија за соодветниот час остварена на еден од транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ кои ќе бидат наведени во ППП и ИД

Service Trading Fee – Услуга за тргување која е предмет на ова барање изразена во EUR/MWh

УС со цел оптимизирање на своето работење, преку избраниот квалификуван понудувач со кој ќе склучи ИД за набавка на електрична енергија во тековниот ден за потребите на УС, може од избраниот понудувач да побара и продажба на вишокот на електрична енергија во мрежата на МЕПСО кој може да се појави за часови во тековниот ден.

Цената (Ph2 ) по која ќе биде продадена енергијата на избраниот Понудувач ќе претставува цена на енергија на транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) во ЕУ во соодветниот час намалена за надоместокот за услугата за тргување, Service Trading Fee

$P_{h2} = X_{ID}$ - Service Trading Fee

Транспарентни пазари за енергија во тековниот ден (Intraday) се:

(1) BSP MI2 ID: Auction Trading MI2_MarketResultsAuction .

(2) BSP MI6 ID: Auction Trading MI6_MarketResultsAuction.

(3) HUPX ID Average price: HUPX continuous intraday price (HU).

(4) EPEXSPOT ID: EPEXSPOT continuous intraday price (DE) .

(5) IBEX WAP ID: IBEX continuous intraday price.

Сите дополнителни трошоци кои ќе произлезат при испораката на електрична енергија од страна на Понудувачот треба да бидат содржани во надоместокот за услуга за тргување (Service Trading Fee) и ќе бидат на товар на понудувачот.

Износот на часовно ниво (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува производ на испорачаната количината на електрична енергија и цената на часовно ниво (Ph1), а износот на часовно ниво (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува производ на продадената количина на електрична енергија и цената на часовно ниво (Ph2).

Доколку Цената на часовно ниво (Ph1 или Ph2) е со негативна вредност тогаш таа цена во пресметките ќе се земе со вредност „0" (нула)

За секој поединечен ЧРИ на дневно ниво понудувачот може да даде понуда само од еден транспарентен пазар.

Месечниот износ (ЕУР) за испорачана енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за испорачана енергија за соодветниот месец на испорака, а месечниот износ (ЕУР) за продадениот вишок на електрична енергија ќе претставува збир на сите часовни износи за продадена енергија за соодветниот месец на испорака.

## 6. Точка на испорака:

Електричната енергија ќе биде испорачана/откупена во преносната мрежа на ОЕПС, МЕПСО. EIC код доделен од страна на МЕПСО за ЕВН Хоме е 33XEVN-HOME-SUSW

## 7. Начин на фактурирање и услови за плаќање

Продавачот ќе му испрати на Купувачот фактура со вкупното количество електрична енергија доставена во соодветниот месец најдоцна пет (5) работни дена по завршување соодветниот период во кој била доставена електричната енергија.

Во фактурата за испорачана електрична енергија за тековниот ден, Продавачот може да го наведе и побарувањето кое го има кон Купувачот доколку побарувањето настанало како резултат на некоја претходна неисполнета обврска по фактура согласно Индивидуалните договор и истата може да ги , вклучи целата неисплатена сума за испорака на електрична енергија.

Врз основа на фактурите подготвени од Продавачот, Купувачот ќе врши исплата за доставената електричната енергија во текот на периодот на достава двапати месечно: за електричната енергија доставена од 1 до 15 секој месец (вклучувајќи ги и двата дена) и за електричната енергија доставена во периодот од 16 до последниот ден во месецот (вклучувајќи ги и двата дена) (периоди на фактурирање). Продавачот ќе ја подготви и достави соодветната фактура на последниот ден од соодветниот период на фактурирање, а Купувачот ќе ја изврши исплатата најдоцна до десетиот (10) календарски ден по истекот на периодот на фактурирање. Ако рокот за исплатата е во неработен ден, исплатата ќе се изврши во текот на следниот работен ден. Работни денови се сметаат сите денови од понеделник до петок, со исклучок на празниците во Македонија

Продавачот ќе изготви фактура за испорачаната електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс за валута евро (ЕУР) на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на фактурирањето и Купувачот ќе го изврши плаќањето на фактурата во денари (МКД) на жиро сметка на Продавачот во согласност со упатството дадено во фактурата.

Ако Купувачот не ја изврши исплатата или делумно ја изврши, тој е обврзан да исплати законска казнена камата пресметана согласно Закон за облигациони односи, сметана од и заедно со денот на доспевање на фактурата, со исклучок на денот на исплата..

**8. Гаранција на понудата**

Вредноста на депозитот т.е. банкарската гаранција на понуда ќе биде вратена на Продавачот во рок од 3 работни дена по приемот на Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот. Доколку Избраниот Понудувач не склучи ИД најдоцна за 2 работни дена од доставувањето на ИД,нема да му биде вратен депозитот т.е. иститот ќе биде задржан односно гаранцијата на понудата ќе биде активирана.

**9. Рок на важност:**

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето, а ќе се применува од _________ до _________ но не повеќе од една година..

**10. Меродавно право**

Овој договор ќе се толкува и на истиот ќе се применуваат законите на Република Северна Македонија без оглед на правилата за судир на закони.

**11. Решавање на спорови**

Во случај на спор надлежен ќе биде Основен Граѓански Суд Скопје во Скопје или друг надлежен орган со седиште во Скопје.

**Избран понудувач:** **Универзален снабдувач:**